РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 16-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 108 | | |

**До. Општина Битола**

Бул. 1 Мај бр. 61
7000, Битола

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted]

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку парични средства на годишно ниво се одвојува за програмите на помош и поддршка на жртви на трговија (можни и формално потврдени), на локално ниво наменети за ГО кои работат со оваа проблематика на корисници?

2. Колку од овие средства во текот на 2022 година се одвојуваат:

   А. За простор
   Б. Режиски трошоци
   В. Персонал (стручни лица по профил)
   Г. Медицинска помош (прегледи и медикаменти)
   Д. Специјализирана психолошка помош (психотерапевт)
   Ѓ. Образование и едукација (курсеви, обуки и училишни материјали)
   Е. Хуманитарна помош (храна, облека и хигиенски материјали)

3. Колку од овие средства во текот на 2023 година се одвојуваат:

   А. За простор

Б. Режиски трошоци
В. Персонал (стручни лица по профил)
Г. Медицинска помош (прегледи и медикаменти)
Д. Специјализирана психолошка помош (психотерапевт)
Ѓ. Образование и едукација (курсеви, обуки и училишни материјали)
Е. Хуманитарна помош (храна, облека и хигиенски материјали)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
**- в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
**- г) е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Потпис:**

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Виолета Налевска

Бр.11-108/2
16.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-108/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

_______________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 19.09.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 108/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Емилија Илиевска
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање бр. 11-108/2 од 16.09.2024 год. за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на барање поднесено од [redacted] е известуваме дека Општина Битола од 2022 па се до 2024 год нема доделено средства на здруженија на граѓани за работа со жртви на трговија со луѓе на локално ниво. Секоја година општината распишува повици за поддршка на активности на граѓански организации но во овој период немаат аплицирано или побарано средства за оваа проблематика.

19.09.2024

Раководител на одделение
за јавни дејности
м-р Виолета Налевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-108/4
24.09.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **16.09.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-108** од **16.09.2024 година**, каде бара информација колку парични средства се одвојуваат за програмите на помош и поиддршка за жртвите на трговија .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-108 на ден 16.09.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација колку парични средства се одвојуваат за програмите на помош и поиддршка за жртвите на трговија .Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-108/1 од 16.09.2024.
2.Допис до Одделение за јавни дејности со бр. 11-108/2 од 16.09.2024.
3. Одговор од Одделение за јавни дејности со бр.11-108/3 од 19.09.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 24.09.2024 година, под бр. 11-108/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА